З А П И С Н И К

Од шестата редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 6-та седница на ден 28.02.2022 година (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на Спортската сала во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советници. Илми Мустафов, Живко Атанасов, Билент Исинови и Крсте Панев.

На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Сања Стојанова, Ристо Михаилов представници од општинската аддминистрација и Васе Костадинов представник од Јавното комунално предпријатие „Турија“ Василево

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на шестата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од петата седница на совет на општина Василево одржана на ден 31.01.2022 година немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на шестата седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година
2. Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година
3. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година
4. Предлог-завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2021 година
5. Годишен извештај на општина Василево за 2021 година
6. Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2022 година
7. Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за спорт, рекреација и манифистации на подрачјето на општина Василево за 2022 година
8. Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2022 година
9. Предлог-одлука за утврдување на потребата од вклопување на бесправните објекти – Магацин на к.п бр 190/1 и 194/3 КО Радичево
10. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Марија Георгиева од с. Нова Маала
11. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Јусуф Дестанов од с. Висока Маала
12. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Стефан Таушанов од Струмица
13. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Танева Снежана од Пиперево
14. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото друштво „Фазан“, Василево за одржување на ловечка вечер
15. Давање согласност на Финансискиот извештај за четвртото тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 31.12.2021 усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево, бр. 02-50/1 од 24.01.2022 година
16. Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на правните лица бр.02-52/1 од 24.01.2022 година
17. Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на физичките лица бр.02-51/1 од 24.01.2022 година
18. Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за собирање и одведување на урбани отпадни води на правните лица бр.02-54/1 од 24.01.2022 година
19. Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за собирање и одведување на урбани отпадни води на физички лица бр.02-53/1 од 24.01.2022 година
20. Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика.
21. Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на шестата седница на совет на општина за збор се јави Ване Андонов член на Советот на општина Василево предлага измена на дневниот ред:

Предлага:20-та точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика да биде како прва точка од дневниот ред

И 21 точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево да биде како втора точка од дневниот ред и од третата позиција точките останат така како што се во дневниот ред.

Ристо Делјанов претседател на совет на општина Василево предлага надополнување на дневниот ред со две дополнителни точки:

Како 22 точка од дневниот ред са биде: Предлог- Одлука за утврдување на висината на комуналните такси.

и Како 23- та точка од дневниот ред да биде: Барање за градежни материјали за улица во село Висока Маала.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ване Андонов да се измени дневниот ред 20-та точка од дневниот ред : Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика да биде како прва точка од дневниот ред

И 21 точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево да биде како втора точка од дневниот ред и од третата позиција точките да останат така како што се во дневниот ред, беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Предлогот на Ристо Делјанов да се надополни дневниот ред уште со две дополнителни точки:

Како 22 точка од дневниот ред са биде: Предлог- Одлука за утврдување на висината на комуналните такси.

и Како 23- та точка од дневниот ред да биде: Барање за градежни материјали за улица во село Висока Маала, беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на 6-та седница на совет на општина Василево со усвоениот предлог на Ване Андонов

Да се измени дневниот ред за работа на шестата седница на совет ред 20-та точка од дневниот ред : Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика да биде како прва точка од дневниот ред

И 21 точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево да биде како втора точка од дневниот ред и од третата позиција точките да останат така како што се во дневниот ред,

Заедно со усвоениот предлог на Ристо Делјанов да се надополни дневниот ред уште со две дополнителни точки: Како 22 точка од дневниот ред са биде: Предлог- Одлука за утврдување на висината на комуналните такси.

и Како 23- та точка од дневниот ред да биде: Барање за градежни материјали за улица во село Висока Маала, беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика да биде назначена Гонца Гоџирова за збор збор се јави Александра Мадевска заменик претседател на комисијата за мандатни прашања избор и именување рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

Немаше друг пријавено за збор: првата точка Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост“ Василево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика да биде назначена Гонца Гоџирова , беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево да биде назначена Лубинка Делева за збор збор се јави Александра Мадевска заменик претседател на комисијата за мандатни прашања избор и именување рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

Немаше друг пријавено за збор: првата Предлог-решение за именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ „Прва радост“, Василево по предлог на Советот на родители при ЈОУДГ „Прва радост“, Василево да биде назначена Лубинка Делева, беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

3

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата го разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздани нема.

За збор се јави Александра Мадевска член на советот побара образложение

Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација во неговото излагање рече дека има добиено допис од Министерството за финансии за одредени точки каде што се дадени сугестиии кој што треба да се врши корекции во одлуката за извршување на буџетот и согласно тоа советот треба да потврди за да може да тече извршувањето на буџетот. Тука се наоѓат одредени корекции во врска со регресот за годишен одмор каде што Министерството за финансии вели дека најниската сума треба да биде 9000 денари и околу настанатите потреби на некои од вработените доколку дојде до повреда на работно место или смрт на одредена личност од семејството се одредува сума колку треба да изнесува и во која точка во одлуката за извршување тие се сублемират во една точка а другите точки како што ги има наведено се бршат. Има дадено поединечно за смрт, за болест за отсуство на 6 месеци тие сега го сублемират во една точка тоа е сугестија на Министерството за финансии каде што мора тоа и да се усогласи. и да се корегира.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

4

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздани нема.

Ристо Михаилов представник од општинската аддминистрација бидејќи се однесува за одделението за финансиски прашања на предлог на буџетските корисници градинката школите околу самофинансирањето и дотациите секоја година има салдо на крајот на годината одредени средства остануват последниот ден што доаагат тие средства не може да се искористат за тоа се врши проширување и на предлог на буџетските корисници кои имат дадено предлози каде има потреба на трошок таму им се распоредуват тие средства.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 9 советници Советот на општина Василево ја усвои со 7 гласа,, за,, ,, против,,1 и ,, воздржани,, 1.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата го разгледа од 3 присутни члена комисијата ја усвои со3гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за распоредување на средствата за основен проект бидејќи од Буџетот нее било предвидено тоа сега се крати од изградба на други објекти, околу подготовката на проекти бес тоа не може да се функционира да се гради и да се распише тендер за таа намена за тоа се врши измена на распоредот на средствата од електрични материјали во други материјали за да може да се одржува уличното што е во Дукатино Владевци и Радичево и некој стари улични што ги има во други населени места тоа е распоредувањето на тие средства.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2022 година; беше ставен на гласење од вкупно присутни 11 советници Советот на општина Василево го усвои со 7 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, 4.

6.

По отворената расправа по шестататочка од Предлог-завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2021 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата го разгледа од 3присутни члена комисијата ја усвои со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека запознаени се сите советници за состојбата на општината за тоа е дискутирано повеќе пати општината има наследено долг 88.000 000 денари со кредитните обврски, сака да ги информира советниците дека последната ситуација што се случи во тие три месеци каде што и тој е изненаден бидејќи работи во општината тоа може да го видат советниците дека во однос на прибирањето на данок на имот данок од правни и физички лица секоја година Струмичко Поле плаќа концесија за земјиште кој го има земено, во нашата општина доагат средства според законот тие средства се 1.800 000 зависи колку плаќа Струмичко Поле одреден % доага во буџетот на општина Василево, рече дека оваа година требаше да биде повеќе над 2.000 000 денари средства да стигнат мегутоа сака да каже дека има тотално непланско собирање на данок не ажурност посебно тој како градоначалник средства нема да стигнат од причина што минатата година не се наплатени данок на имот од правни и физички лица ни приближно до бројката што е определена со законот кој што

бара 80% да биде соберен за да се исполни условот за да се префрлат средства, тие средства се останати на буџетот на Р.М што значи тоа за прв пат се случува во општина Василево, се гледа дека минатата година тотално нема работено општината нема обрнато внимание на одредени работи. Тоа се основните приходи на општината данок на имот, данок на промет на недвижности, се надева дека оваа година тоа нема да се случи ќе се залага да ги собере тие средства, има и даночно одделение за трите општини со седиште во Василево ке се залага да не се повтори да не може да бидат префрлени средствата на општината од 2.000 000 денари тоа не се малку средства каде што може да се покријат дел од долговите кој што ги има со фирмата Портланд. Околу завршната сметка реализацијата на основниот буџет изнесува околу 64% се надева дека оваа година ќе има подобра реализација, општината им многу долгови наследено посебно од капитален аспект, улиците што се направени исто се плаќат од фирмите општината што беше блокирана сега се исплатени се труди постојано да исплаќа колку повеќе одолговлечува општината освен долгот и каматите течат и општината уште повеќе заглавува.

Бидејќи немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред: Предлог-завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2021 година, беше ставен на гласење од 11 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема..

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот Годишен извештај на општина Василево за 2021 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата ја разгледа од 3присутни члена комисијата ја усвои со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздршани немаше.

Бидејќи немаше пријавено за збор седмата точка од дневниот ред: Годишен извештај на општина Василево за 2021 година: беше ставен на гласење од 11 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема..

8.

По отворената расправа по осмата точка: Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2022 година за збор се јави Спасенка Митева претседател на Комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека оваа програма прв пат се носи, смислата на програмата е за инверта климите кој што има обеќано пред граѓаните завреме на изборната кампанија да се супвенционират, смета дека за почеток треба советот да ја усвои оваа програма а на наредната седница на совет ќе се донесе и правилник за начинот на кој ќе се супвенционира. Вети дека сето тоа што го има обеќано пред граѓаните ќе биде спроведено има одредено средства од 800.000 до 1.000 000 денари и ке бидат распоредени на тие што ќе им се потребни.

Немаше друг пријавено за збор осмата точка од дневниот ред: Предлог-програма за животна средина на општина Василево за 2022 , беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

9.

По отворената расправа по деветата точка: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за спорт, рекреација и манифистации на подрачјето на општина Василево за 2022 година за збор се јави Спасенка Митева

претседател на Комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има предлог за надополнување на истата програма има склучено договор за соработка со сите општини од аспект да се мотивират полицајците па во синдикатот тие сами да ги изберат и да го предложат до општинатат, тука нема да има посебен дел. Околу Ловечкото друштво фазан за да биде законски Советот треба да донесе посебна одлука за дополнување на програмата која се состои од точката каде што вели:за настани по повод Ивтар има 30.000 денари оваа година инсестира да се зголеми на 60.000 денари за да може да се покријат трошковите по повод празникот.

Александра Мадевска: праша врз основа на што ќе се доделуват 18.000 илјади денари за најдобар полицаец доколку е најдобар по професија смета дека тоа се однесува лично за себе а од друга страна стално се жалиме дека општината е задолжена а сега се наметнува да се наградува и најдобар полицаец според неа смета доколку се оди на тоа треба да се наградува и најдобар правник или економист плус тоа општина Василево нема полициска станица според неа тоа е не прифатливо и таа е лично против тоа.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека сепак сме општесвена организација за тоа требе некој да се препознае и награди тоа не е законски иако немаме полициска станица сепак сме под подружница на општина Струмица.

Александра Мадевска: смета дека се стварат дополнителни трошкови.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече доколку се мисли на тоа според него 18.000 денари не се многу се знае дека наменски се доделува според одредени критериуми се е корекно.

Александра Мадевска: рече доколку се скрати од повеќе места како пример наведе дека седниците на совет советниците ги одржуват во многу лоши услови, според неа парите треба наменски да се трошат, што се однесува за наградата за најдобар почицаец за тоа примат плата од државата смета дека такви трошкови се непотребни.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево околу одржување на седниците рече дека сите советници знат дека домот се гради има средства па се гради од кога ќе се изгради ќе има услови за работа на седницата.

Ване Андонов Член на Советот на општина Василево иако не е била советничка предходните четири години советничката Александра Мадевска можело да даде добар совет до предходниот градоначалник да крати средства кафани , ајфони телефони и ред други работи. Кој што се глупости во споредба со тие 18.000 денари. Александра Мадевска се јави за реприка на советникот Ване Андонов доколку смета дека има направено креминал има јавно обвинителство и суд нека доставаат документи тоа е нејзин став.

Ване Андонов Член на Советот на општина Василево смета дека новодојдениот градоначалникот не само со советниците туку разговара и со целата општина има сугестии и е отворен и конструктивен смета дека за тоа советничката Александра Мадевска требало да дава совет пред четири години.

Немаше друг пријавено за збор деветата точка од дневниот ред Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за спорт, рекреација и манифистации на подрачјето на општина Василево за 2022 година, беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 7,,гласа за,, ,, против,, 3 и ,, воздржан,, 1,

10.

По отворената расправа по десетата точката од дневниот ред: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2022 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на

комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тука се работи за без финансиски апликации лицето што сака да го урбанизира исто како што беше и досега

Немаше друг пријавено за збор десетата точката од дневниот ред: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2022 година беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 7,,гласа за,, ,, против,,нема и ,, воздржан,, 4,

11.

По отворената расправа по единасетата точка Предлог-одлука за утврдување на потребата од вклопување на бесправните објекти – Магацин на к.п бр 190/1 и 194/3 КО Радичево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 ,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Александра Мадевска праша за каков објект станува збор.

Симона Шонтевска претставник од општинската аддминистрација рече дека со ова одлука се утврдува потребата од вклопување на бесправниот објект – магацин на к.п. бр 190/1 и 194/3 во КО Ррадичево со право на користење на барателот на легализацијата на бесправниот објект деловен субјект ИЗ Митко- Аграр од село Радичево се работи за земјиште земено под концесија вон градешен опфат мора да се донесе одлука на совет заради проширување на опфат кога во иднина ке се прави урбанистички план во село Радичево да може да бидат опфатено, земјиште се води на РМ Коцесионер е Митко – Аграр од Радичево се работи за магацин, сите објекти што се вонградежен опфат одат на Совет.

Немаше друг пријавено за збор единасетата точката од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на потребата од вклопување на бесправните објекти – Магацин на к.п бр 190/1 и 194/3 КО Радичево беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 7,,гласа за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, 4,

12.

По отворената расправа по дванасетата точка: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Марија Георгиева од с. Нова Маала за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата од 3 присутни члена со3гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема. го усвои предлогот да му се доделат средства во износ од30.000 денари

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има повеќе барања доставено до совет законска обврска е мора да одат на совет навистина има болни луге на кој што им се потребни средства а можноста на општината е мала и средствата ќе бидат доделувани според можноста на општината.

Александра Мадевска бидејќи лицето е од нејзиното село се работи за дете од 13 години има срцеви проблеми и потреба за операција тешок случај што стварно се потребни средства нејзин предлог е да се доделат 40.000 денари.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека според можноста на општината може да се доделат 30.000 денари

Блажо Коцев член на советот имајки искуство од предходниот состав советниците треба да имат предвид дека има нмогу повеќе случаи за помош средствата правилно треба да се распоредат бидејќи во наредниот период може да се соочиме со такви проблеми .

предлог од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 30.000денари по барањето доставено од Марија Георгиева од с. Нова Маала беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

Немаше друг пријавено за збор дванасетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Марија Георгиева од с. Нова Маала со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 30.000 денари беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

13.

По отворената расправа по тринасетата точка: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Јусуф Дестанов од с. Висока Маалаго за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој развој рече дека комисијата на седницата од 3 присутни члена го усвои со 3,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема. го усвои предлогот да му се доделат средства во износ од 30.000 денари

Предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 30.000 денари по барањето доставено од Јусуф Дестанов од с. Висока Маала беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

Немаше друг пријавено за збор тринасетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Јусуф Дестанов од с. Висока Маалагод со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 30.000 денари беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

14.

По отворената расправа по четиринасетата точката: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Стефан Таушанов од Струмица за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата од 3 присутни члена го усвои со 3,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема. да му се доделат средства во износ од 8000 денари

Предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 8000денари по барањето доставено од Стефан Таушанов од Струмица беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

Немаше друг пријавено за збор четиринаесетата точката точка : Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Стефан Таушанов од Струмица; со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 8000 денари беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

15.

По отворената расправа по етнасетата точката од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Танева Снежана од Пиперево за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за

финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата од 3 присутни члена го усвои со 3гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема. да и се доделат средства во износ од 12000денари .
Предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 12000 денари по барањето доставено од Танева Снежана од Пиперево беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

Немаше друг пријавено за збор петнаесетата точката точка : Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Танева Снежана од Пиперево; со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 12000 денари беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

16.

По отворената расправа по шеснасетата точка. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото друштво „Фазан“, Василево за одржување на ловечка вечер за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема го усвои предлогот да се доделат средства во износ од 45.000 денари
Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека рече дека процедурата е таа треба да биде транспарентно и јавно тие средства се за награда поканети се тој и претседателот на совет да присуствуват.

Блаже Коцев имајки искуство од предходниот состав предлага да се доделат 60.000 денари.

Предлогот комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 45.000 денари по барањето доставено од Ловечкото друштво „Фазан“, Василево за одржување на ловечка вечер беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево гласа за,,нема ,, против,,2 и ,, воздржан,, 9 предлогот не е усвоен,
Предлогот на Блаже Коцев да се доделат средства во износ од 60.000 денари по барањето доставено од Ловечкото друштво „Фазан“, Василево за одржување на ловечка вечер беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10,,гласа за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, 1,

Немаше друг пријавено за збор шеснасетата точкаод дневниот ред Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Ловечкото друштво „Фазан“, Василево за одржување на ловечка вечер со усвоениот предлог на Блаже Коцев да се доделат средства во износ од 60.000 денари беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 10,гласа за,, ,, против,, нема и ,, воздржан,, 1,

17

По отворената расправа по пседумнасетата точка од дневниот ред: Давање согласност на Финансискиот извештај за четвртото тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 31.12.2021 усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија“, Василево, бр. 02-50/1 од 24.01.2022 година за збор се јави Ване Андонов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Александра Мадевска побара образложение

Васе Костадинов представник од ЈПКД Турија Василево Финансискиот извештај за четвртото тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 31.12.2021 се состои од приходи од услуги вкупно 19.746.279,00 денари, други приходи 15,469,00 вкупно 19.761.748,оо денари, материални трошоци 6.079.109,оо денари, бруто плати 9.563.884,оо денари, регрес за годишен одмор 166.780,оо денари, амортизација 172.829.оо денари , останати трошоци 3.039.297,оо денари, расходи по камати, казни и друго 46.666,оо денари, вкупни расходи 19.068.565,оо денари и добивка од работење 639.183 ,оо денари. Ако се спореди 2020 година и 2021 вкупниот приход е намален 2,19% тоа се должи на намалување на приходите од уличното осветлување а додека расходите се зголемени за 3.46% поголемо зголемување на расходите има кај трошоци за гориво 25,75% тоа се должи за зголемување на цената на нафтените деривати и проширување на корисниците на комунален отпад во текот на тромесечијата во 2021

година јавното предпријатие вршеше приклучување во канализационата мрежа во Пиперево 8, Ангелци 3, Едрениково 10, Василево 3 Градашорци 5. Вкупно досега има 292 приклучоци во канализационата мрежа.

Немаше друг пријавено за збор седумнасетата точка од дневниот ред точката: Давање согласност на Финансискиот извештај за четвртото тромесечие за 2021 година од 01.01.2021 до 31.12.2021 усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Турија", Василево, бр. 02-50/1 од 24.01.2022 година беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

18.

По отворената расправа по осумнасетата точка од дневниот ред Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија", Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на правните лица бр.02-52/1 од 24.01.2022 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Александра Мадевска побара образложение:

Васе Костадинов представник од ЈПКД Турија Василево рече дека од 2018 година цената на водата ја одредува регулаторната комисија за енергетика од 2018 година беа дојдени двајца консултанти и по нивни терк најпрво ги утврдија приходите за вода од физички и правни лица плус канализацијата и се утврдени трошоците. Базна година за таа година беше 2017 година опфатени беа 2019, 2020, и 2021 година. во 2021 година по истиот терк и табели беа пополнети податоците за вкупните приходи и за вкупните расходи . Базна година беше 2020 година беше поднесено до регулаторната комисија и тие одредиа минимум цени за вода за физички и правни лица, дадено е во табелата минимум 29,66 за домакинства максимум 29,83 тие се нето цени бруто 31,73 и 31,99 што значи разликата за физички лица е 0,18 или има намалување од 3,47% 24 и 25 има терк и за вода и канализација тоа е одобрено од регулаторната комисија поминати и на Управен одбор и до колку се зголемат трошоците има право да се поднесе жалба до регулаторната комисија може после тоа цената да се корегира.

Немаше друг пријавено за збор точка: осумнасетата точка од дневниот ред ; Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија", Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на правните лица бр.02-52/1 од 24.01.2022 година беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

19.

По отворената расправа по деветнасетататочка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија", Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на физичките лица бр.02-51/1 од 24.01.2022 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Немаше друг пријавено за збор деветнасетата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија", Василево за утврдување на тарифата за водата за пиење или водоснабдување на физичките лица бр.02-51/1 од 24.01.2022 година;беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

20.

По отворената расправа по дваесетата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за собирање и одведување на урбани отпадни води на правните лица бр.02-54/1 од 24.01.2022 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема.

Немаше друг пријавено за збор дваесетата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за собирање и одведување на урбани отпадни води на правните лица бр.02-54/1 од 24.01.2022 година; беше ставен на гласење од 11присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11,,гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

21.

По отворената расправа по девет и првата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на УО на ЈПКД „Турија“, Василево за утврдување на тарифата за водата за собирање и одведување на урбани отпадни води на физички лица бр.02-53/1 од 24.01.2022 никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од 11 присутни советници советот на општина Васичлево ја усвои со 11 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

22.

По отворената расправа по дваесет и втората точка од дневниот: Предлог- Одлука за утврдување на висината на комуналните такси.никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од 11 присутни советници советот на општина Васичлево ја усвои со 11 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

23.

По отворената расправа по дваесет и третата точка од дневниот ред: Барање за градежни материјали за улица во село Висока Маала, никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од 11 присутни советници советот на општина Васичлево ја усвои со 11 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржан,, нема,

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 6- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател

Ристо Делјанов